**ЗАПИСНИК**
**од шеесет и четвртата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 20.07.2021 година**

На шеесет и четвртата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:**

**Митко Дојчинов вработен во општината, Лилјана Кичукова вработена во општината, Петар Јанчев вработен во општината, Миле Ангелков претставник од Полициска станица Гевгелија, Ристо Ефтимов претставник од Занаетчиската комора, Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија ,Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија и Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори шеесет и четвртата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од шеесет и третата седница .

**Анета Стамков член на Совет** даде забелешка дека во записникот не е опфатено барањето на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ со предлог точката за Дневен ред за разгледувања на барањата од наставниците односно просветните работници од основните училишта и барањето на советникот од независната листа Томе Кичуков . Симтоматично е што овој предлог за точка на Дневен ред не е евидентиран ниту во записникот ниту на видео снимката па затоа барам корекција на записникот и да биде вметнато дека на претходната 63-та седница советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе предлог точка на дневен ред за разгледување на барањата од наставниците за исплата на прекувремени наставни часови на наставниците од основните училишта од општина Гевгелија.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** - Кога го добивте записникот од службите беше образложено дека заради технички пропуст првиот дел од седницата не е снимен и од таа причина го нема тој дел од седницата во записникот.Во делот на вашата забелешка за дополнување на Дневниот ред со нова точка ,точно е не е ставено во записникот и ја прифаќам вашата забелешка и ќе биде корегирано.

Претседателот го стави на гласање записникот од шеесет и третата седница со забелешката и **Советот со 17 гласа за и 1 воздржан го усвои.**

За работа на шеесет и четвртата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, за периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година (кумулативно),

2.Предлог-Одлука за примање донација од Државна видеолотарија – "Аустриа Касинос" ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал, кошарка и изградба на детски парк во Гевгелија,

3.Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина Гевгелија,

4.Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за функционирање на системот за локална самоуправа при Советот на Општина Гевгелија,

5.Предлог-Решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија,

6.Предлог-Заклучок за усвојување на полугодишниот извештај за состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност - Гевгелија за 2021 година,

7.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија,

8.Разгледување на Предлог-Иницијативата од наставниците од ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија и ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за исплата на надоместок за прекувремената работа за учебната 2020/2021 година".

Дополнително се доставени точките:

-Предлог-Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година,

-Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година,

-Предлог-Одлука за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред .

**Трајко Арџанлиев член на Совет** – Побара дополнителната точка под реден број 9 Предлог-Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година да биде симнета од

дневен ред бидејќи е апсурдна и непотребна во овој период да се разгледува,нема зголемен обем на работа во оделението туку се работи само за нови партиски вработувања.

**Ристо Камов член на Совет**-На одржаната Комисија за статут и прописи ги разгледавме сите точки меѓутоа за оваа точка немаше претставник и комисијата одлучи тука на оваа седница да се расправа за предметот на оваа точка .Во однос на предлогот на советникот Арџанлиев, Комисијата за статут и прописи ги разгледува точките од правен аспект бидејќи тука се работи за техничка работа јас предлагам Советот да ја разгледа и ако нема претставник би можел Градоначалникот да објасни за што станува збор бидејќи планот за вработување не значи дека ќе има вработување ,од стручните служби ни беше кажано дека се работи за измени во законот ,за едно вработување  мислам дека се работи за инспекциските служби и од тие причини комисијата предложи точката да дојде на Дневен ред инаку принцип е кога нема претставник за некоја од точките да не се става на Дневен ред . Јас предлагам и до советничката група на ВМРО-ДПМНЕ да не инсистира да ја симнеме оваа точка туку од кога ќе ја разгледаме тогаш доколку има некои технички проблеми да ја симнеме.

**Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија** должен сум да даадам образложение за оваа точка ,не ја прифаќам констатацијата дека јавната администрација се полни бидејќи во тој случај ќе треба да го поставиме прашањето кој прв започна а на граѓаните им е веќе преку глава.Зборуваме за реални потреби за 2021 година е планот со измените но ние треба да ја гледаме и 2022 година .По закон за инспекции ние имаме инспектор за животна средина кој во Април 2022 ќе оди во пензија а за да стане некој инспектор а за жал имаме само едно вработерно лице му треба процес на менторство и процес на обука по закон за инспекции.Има локални избори во месец Октомври а вработувањето нема да биде реализирано до локалните избори туку после изборите но во календарска 2021 година така да не знаеме на когу ќе му ја даде народот довербата ама општината не смееме да ја оставиме без инспектор за животна средина.Така да апсурдно е да мислите дека цела постапка ќе се заврши до 5 Август пред да се распишат изборите.Токму поради овие причини е ставена точката на Дневен ред за да не се доведиме во ситуација општината да не остане без инспектор за животна средина.

Претседателот го стави на гласање предлогот на советникот Трајко Арџанлиев точката под реден број 9 да се симне од Дневен ред и **Советот со 6 гласа за ,2 воздржани,9 против и 1 не гласал не го усвои .**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот со 11 гласа за ,6 против и 1 не гласал го  усвои** и се премина кон расправа по точките.

По барање на Градоначалникот бидејќи поради службени обврски ќе ја напушти седницата претседателот на Совет даде предлог дополнителните точки

да се разгледуваат како точки под реден број 3,4 и 5 и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, за периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година (кумулативно).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, за периодот од 01.04.2021 година до 30.06.2021 година (кумулативно).

Во претресот по точката учествуваа: **Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија, Лилјана Кичукова вработена во општината, Марија Магдинчева Шопова,Магдалена Делковска, Трајко Арџанлиев,Тихомир Ручкоманов,Ристо Камов ,Тодор Ристов членови на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, за периодот од 01.04.2021 година до 30.06.2021 година (кумулативно) и **Советот со 10 гласа за , 6 против и 2 воздржани го усвои .**

**Точка 2. Предлог-Одлука за примање донација од Државна видеолотарија – "Аустриа Касинос" ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал, кошарка и изградба на детски парк во Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за примање донација од Државна видеолотарија – "Аустриа Касинос" ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал, кошарка и изградба на детски парк во Гевгелија.

Во претресот по точката учествуваа: **Ристо Камов и Магдалена Делковска членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за примање донација од Државна видеолотарија – "Аустриа Касинос" ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал, кошарка и изградба на детски парк во Гевгелија и **Советот со 18 гласа за ја усвои .**

**Точка 9. Предлог-Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 9 гласа за , 6 против , 2 воздржани и 1 не гласал не ја усвои .**

**Точка 10. Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година

Во претресот по точката учествуваа: **Игор Илков,Тихомир Ручкоманов,Тодор Ристов,Ристо Камов,Ристо Ѓоргиев,Димитар Јанев,Магдалена Делковска ,Перо Стојанов членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 12 гласа за и 5 против ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Одлука за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел.

Во претресот по точката учествуваа: **Димитар Дојчинов вработен во општината,Ристо Камов и Зоран Лазаровски членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на Ристо Камов

член на Совет да се свика вонредна седница од кога ќе измине рокот за жалби односно ќе изминат сите правни лекови Советот да свика вонредна седница што ќе се изврши ажурирање на податоците од Физибилити студијата и **Советот со 1 глас за и 15 воздржани не го усвои овој предлог.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модели и **Советот со 10 гласа за и 6 воздржани ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување и избор на член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина Гевгелија

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување и избор на член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина

Гевгелија и **Советот со 16 гласа за го усвои и од член се разрешува Лазар Мешков а се именува Димитар Јанев.**

**Точка 4**. **Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за функционирање на системот за локална самоуправа при Советот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување и избор на член на Комисијата за функционирање на системот за локална самоуправа при Советот на Општина Гевгелија.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување и избор на член на Комисијата за функционирање на системот за локална самоуправа при Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 16 гласа за го усвои и од член се разрешува Лазар Мешков а се именува Димитар Јанев.**

**Точка 5**. **Предлог-Решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија.

Во претресот по точката учествуваа:**Ристо Камов член на Совет и Петар Јанчев вработен во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија и **Советот со 15 гласа за и 1 против го усвои.**

**Точка 6. Предлог-Заклучок за усвојување на полугодишниот извештај за состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност - Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на полугодишниот извештај за состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност - Гевгелија за 2021 година

Во претресот по точката учествуваа:**Ристо Камов,Ристо Ѓоргиев и Трајко Арџанлиев членови на Совет и Миле Ангелков претставник од Полициска станица Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на полугодишниот извештај за состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност - Гевгелија за 2021 година и **Советот со 11 гласа за и 5 воздржани го усвои.**

**Точка 7**. **Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа: **Ристо Камов,Анета Стамкова членови на Совет и Ристо Ефтимов претставник од Занаетчиската комора.**

**Точка 8**. **Разгледување на Предлог-Иницијативата од наставниците од ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија и ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за исплата на надоместок за прекувремената работа за учебната 2020/2021 година".**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Иницијативата од наставниците од ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија и ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за исплата на надоместок за прекувремената работа за учебната 2020/2021 година".

Во претресот по точката учествуваа: **Ристо Камов,Анета Стамкова,Тихомир Ручкоманов и Трајко Арџанлиев членови на Совет , Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија и Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија.**

**Тихомир Ручкоманов член на Совет** даде предлог да се испрати допис до Министерството за образование и самото министерство да се произнесе за оваа проблематика.Исто така советникот смета дека најдобро е овој материјал да се препрати до МОН и во кординација со директорите на основните училишта да се изготви пресметка на плати.

**Анета Стамков член на Совет дад**е предлог да се изготви целосна пресметка на плати на сите наставници кои имале прекувремена работа.

**Ристо Ѓоргиев член на Совет** предложи да им се дадат насоки на сите директори на ООУ да изготват пресметки за плати за прекувремена работа во корелација со МОН.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори шеесет и четвртата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**